

Добиена градежна дозвола за изградба на црква

Интервју: ИВА РАДЕЉЕВИЌ

Да одам во Македонија за мене би било остварување на сништата



# МАКЕДОНСКИ ГЛАС


Година XX 2013.
ЈАНУАРИ – ФЕВРУАРИ
SIJEČANJ – VELJAČA
ЦЕНА 5 кн

ISSN 1333-7769

БРОЈ 81


## Основана Македонска координација во Загреб





## Сеќавање на претседателот Борис Трајковски

# PROCULIN®

Za Vaše oči

## KAPI ZA OKO (naphazolinum)

- Kod alergijske upale očiju
- Kod crvenila i svrbeži očiju

1-2 kapi, 4 puta dnevno

## TEARS (umjetne suze)

Medicinski proizvod

- Vlaži i štiti suhe oči

1 kap u oko 2-3 puta dnevno

## LENS (otopina za leće)

Medicinski proizvod

- Za sve vrste kontaktnih leća
- Preporučuje se za osjetljive oči
- Antibakterijska kutija




ALKALOID

*Brinemo o zdravlju*

PRIJE UPOTREBE PAŽLJIVO PROČITATI UPUTU O LIJEKU ILI MEDICINSKOM PROIZVODU.
ZA OBAVIJESTI O INDIKACIJAMA, MJERAMA OPREZA I NUSPOJAVAMA UPITAJTE SVOG LIJEČNIKA ILI LJEKARNIKA

OGL-080-01-03-2013-HR

**GLASILO ZAJEDNICE MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ**

**СПИСАНИЕ НА ЗАЕДНИЦАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА**

## ЕХО НА ВРЕМЕТО

**Агол на уредникот**
**Urednikov kutak**



Главна и одговорна уредничка:
МИЛЕНА ГЕОРГИЕВСКА

Заменик на главната и одговорна уредничка:
ЕЛИЗАБЕТА ПЕТРОВСКА

Уредништво:
Компјутерска обработка: Владо Чакмак
Лектура: Марија Георгиева-Петриќ
Секретар и коректор: Елизабета Петровска

Редакциски одбор:
Васил Тоциновски
Тинка Барбутов Крстева
Мирјана Мајиќ

Редакција:
Елизабета Петровска – Загреб
Јулијана Младеновска Тешија – Осиек
Викторија Ѓорѓевска – Риека
Елена Кипровска Кнежиќ – Задар
Биљана Митревски – Сплит
Тодор Брдарски – Пула

Ovo se glasilo tiska sredstvima iz Državnog proračuna RH posredstvom Savjeta za nacionalne manjine pri Vladi RH.

Nakladnik: Zajednica Makedonaca u Republici Hrvatskoj, Zagreb, Masarykova 16/1
Matični broj: 3805760
OIB: 07739533563
Žiro račun: PBZ 2340009-1100038804

Tel./Fax: (01) 48 72 655
web: www.zmurh.hr
e-mail: zajednica.makedonaca1@zg.t-com.hr
zmurh.hr@gmail.com

За издавачот: Орце Ламбевски
Печат: М-Принт д.о.о. Загреб

Temeljem odredaba čl. 58. st. 3. Zakona o javnom informiranju RH (N.N. br. 22/1992) novine su prijavljene i registrirane pod br. 421 u Ministarstvu kulture i prosvjete, Sektor informiranja, dana 14.7.1993

Prema mišljenju Ministarstva kulture i prosvjete Republike Hrvatske broj 532-03-1-7-94-01 od 10. svibnja 1994. ova tiskovina je oslobođena plaćanja poreza na promet.

ЗАБЕЛЕШКА: Коментарите објавени на страниците на ова списание со потписи на авторите се мислења на истите и не секогаш го одразуваат мислењето на Уредништвото. Уредништвото е одговорно само за текстовите без потпис. Материјалите испратени на нашата адреса стануваат сопственост на списанието, освен ако за тоа претходно е постигната поинаква согласност.

# За довербата

Еден човек одејќи на жица успеал да ги помине Нијагарините водопади. Фасцинантниот танц на човекот го набљудувала бројна публика, на која тој претходно им рекол да му веруваат, бидејќи СИГУРНО ќе помине. Но, дали тие му верувале дека ќе успее да ја реализира лудата намера?

И човекот поминал. Потоа се вратил на почетната точка и рекол дека сега повторно ќе мине од едниот до другиот крај на водопадите, но овој пат носејќи товар на грбот. Набљудувачите (100.000) го гледале со уште поголемо неверување, но човекот ги прашал присутните кој од нив ќе се осуди да му се качи на грбот за тој преку жицата да го пренесе на другата страна. Луѓето се погледнале и настанал тотален молк. Одеднаш се јавил неговиот пријател. Така човекот со неговиот пријател на грб, повторно ги поминал Нијагарините водопади.

Тоа бил Чарлс Блондин, познат акробат, а пријателот бил неговиот менаџер. Настанот се случил на 30 јуни 1858 година.

Се прашуваме, зошто менаџерот се изложил на таков ризик? Несомнено, затоа што неизмерно му ВЕРУВАЛ.

Овој пример за верба во луѓето отвора низа прашања. Колку ние веруваме во некого и дали воопшто му веруваме. Или сме ја изгубиле потполно довербата едни во други. Нашата доверба му ја повепуваме на Бога, на брачниот партнер, пријател, шеф, сосед, соработник, политичка партија, лидер... Ние самите си знаеме кому сме му ја подариле довербата и кому можеме да му веруваме. А, деновиве во Македонија на локалните избори гласачите довербата ја дадоа повторно на ВМРО-ДПМНЕ, партија која убедливо ја освои локалната власт.

Милена Георгиевска
(m.georgievska@gmail.com)

# Основачко собрание на Македонска координација

*Меѓу другото, Координацијата ќе се залага за афирмација и остварување на правата и интересите и поттикнување на заштита и унапредување на идентитетот на македонското малцинство*



На иницијатива на претседателот на Советот на МНМ за Град Загреб, Томе Апостолоски и претставникот на МНМ за Приморско-горанската жупанија, Михаило Давчевски, на 23 февруари 2013 година во ресторанот „Македонска механа“ во Загреб, се одржа Основачко собрание на Координацијата на Советот на МНМ за Град Загреб и жупаниските претставници на македонското национално малцинство во Република Хрватска. Спогодбата за основање на Македонска координација ја потпишаа: Томе Апостолоски, претседател на Советот на МНМ за Град Загреб, Михаило Давчевски, претставник на МНМ за Приморско-горанската жупанија, Мирјана Мајиќ, претставничка на МНМ за Задарската жупанија, Соња Хабуш, претставничка на МНМ за Загрепската жупанија, Живко Давидовски, претставник на МНМ за Сисачко-мославачката жупанија, Мирјана Дика-Дужман, претставничка на МНМ за Истарската жупанија, Владимир Апостолски, претставник на МНМ за Сплитско-далматинската жупанија, Благоја Јовановски, претставник на МНМ за Осјечко-барањската жупанија и Бранко Атанасовски, претставник на МНМ за Вуковарско-сремската жупанија.

## ЗАЕДНИЧКИ ИНТЕРЕСИ

Основачкото собрание го водеше претседателот на Советот на МНМ за Град Загреб, Томе Апостолоски, кој рече дека со постоењето на Македонската координација ќе се обезбеди соработка на усогласување на заедничките интереси и зачувување и унапредување на статусот и остварувањето на правата на припадниците на македонското национално малцинство во Хрватска. Некои од клучните цели и задачи на Координацијата се афирмација и остварување на правата и интересите и поттикнување на заштита и унапредување на идентитетот на македонското малцинство, соработка со организации и асоцијации на МНМ во Хрватска, особено со Заедницата на Македонците во РХ преку програми, договори и меѓусебни информации, соработка со организации и асоцијации на други малцинства во Хрватска, соработка со Македонците од другите држави, со државните организации и институции во Македонија како и со меѓународни организации и институции. Исто така, Координацијата ќе предлага на органите во Хрватска мерки за подобрување на положбата на МНМ, вклучувајќи ги и предлозите на општите акти со кои се регулираат прашањата од важност за МНМ, ќе предлага кандидати во органите на државната управа и самоуправа, ќе дава мислења и предлози за програмите на радио и ТВ на локално и регионално ниво наменети за МНМ или за малцинските прашања.

## РАКОВОДСТВО



*Пребројување на гласовите за избор на раководство*

За претседател на Македонската координација беше избран Томе Апостолоски, за заменик на претседателот Михаило Давчевски, за потпретседателка Мирјана Мајиќ.

Меѓу гостите на Основачкото собрание беа амбасадорката на РМ во РХ, Даниела Караѓозоска, министерот за здравство на РХ, Рајко Остојиќ, градоначалникот на Град Загреб, Милан Бандиќ, министер советникот при Амбасадата на РМ во РХ, Рецеп Салиу, саборскиот пратеник за албанското, бошњачкото, црногорското, македонското и словенското малцинство, Неџад Хоџиќ, советникот во Службата за унапредување на човековите права и односи со НМ и верските заедници од Канцеларијата на градоначалникот на Град Загреб, Жељко Заниновиќ, претставникот на Канцеларијата за човекови права и права на НМ, Мирко Марковиќ, претседателот на Националната координација на советите и претставниците на ромското национално малцинство во РХ, Ибрахим Гушан, претседателот на Советот на ромското НМ за Град Загреб, Неѓатин Камберовски. Од македонските претставници беа членот на Владиниот Совет за националните малцинства на РХ, Ангел Митревски, претседателот на Заедницата на Македонците во РХ, Орце Ламбевски, свештеникот на МПЦ во РХ, протојереј Кирко Велински и други, кои ја поздравија и поддржаа оваа иницијатива.

Е. Петровска

# Месиќ и Јосиповиќ информирани дека во Вуковар се учи македонска кирилица

И додека копјата се кршат околу воведувањето на кирилицата во Вуковар, со огромни симпатии двајцата хрватски претседатели – актуелниот д-р Иво Јосиповиќ и поранешниот Стјепан Месиќ, ја примија веста дека во Вуковар се учи македонската кирилица. Имено, со делегацијата на „Нова Македонија“ (дописникот на „Нова Македонија“ од Хрватска и главниот уредник), во традиционална посета кај хрватските претседатели беше и уредничката на „Македонски глас“, Милена Георгиевска. Таа, Јосиповиќ и Месиќ ги запозна дека во Вуковар од оваа учебна година како изборен предмет во основното образование е воведен и македонскиот јазик, како и дека наставата ја посетуваат триесет ученици.

Покрај низата активности и иницијативи што ги има македонското национално малцинство во РХ организирано преку Заедницата на Македонците, на разговорите стана збор и за актуелната состојба во Хрватска и Македонија, како и за влезот на Хрватска во ЕУ, каде Македонија ќе има вистински поддржувач.



*Дописникот на „Нова Македонија“, Сашо Георгиевски му ја врачува книгата „Македонско-хрватска тангента“ на поранешниот претседател Месиќ*



*Претседателот д-р Иво Јосиповиќ со главните уредници на „Македонски глас“ и на „Нова Македонија“*

За актуелниот спор што Македонија го има со Грција, Месиќ вели дека е оптимист. „Секогаш во животот сум сметал дека може да се најде излез и од најтешките ситуации, па така и во случајот со Македонија и Грција. Тоа не е толку сериозен проблем. Потребно е само малку добра волја, смисла за реалност и визија за иднина, која мора да ја замени заробеноста во минатото и излез може да се најде. Се разбира, зборувам за двете страни. Нема добро решение ако едната страна почувствува дека е победник, а другата губитник. Од такви „решенија“ се раѓаат само нови проблеми и судири“, вели Месиќ.

Јосиповиќ уште еднаш повтори дека Македонија во Хрватска има искрен пријател и поддржувач на нејзиниот пат кон евроатланските интеграции.

М. Г.

# Високо признание за писателот Предраг Матвејевиќ

Во Македонската амбасада во Загреб на 5 март, на пригодна свеченост му беше доделено високо признание од најстариот македонски дневен весник „Нова Македонија“ на познатиот хрватски професор и писател, Предраг Матвејевиќ за соработка со овој медиум. Имено, во последната година, проф. Матвејевиќ ексклузивно отстапи голем број свои необјавени текстови што за македонската јавност „Нова Македонија“ ги презентираше на своите страници во вид на фељтон. Текстовите кои третираа разни теми, предизвикаа голем интерес во јавноста. Матвејевиќ е голем пријател на Македонија и македонскиот народ, а неговата врска со оваа земја се Струшките вечери на поезијата, МАНУ каде е почесен член, ПЕН центарот, но и бројните пријатели во Македонија.



*Делегација на „Нова Македонија“ со амбасадорката Даниела Караѓозоска и лауреатот Предраг Матвејевиќ*

- Блескавата проза и умешните хроники на современото живеење од проф. Предраг Матвејевиќ говорат за неговото импозантно творештво, правејќи го еден од најпреведуваните писатели на овие простори, со што неговите дела уште повеќе добиваат на тежина. Како интелектуалец од светски размери, ни претставува особено задоволство што во творештвото на Матвејевиќ е проткаена и Македонија, што несомнено говори за поврзаноста со нашата земја, култура и народ, рече меѓу другото, Даниела Караѓозоска, амбасадор на РМ во РХ.

Во моментот се подготвува превод на македонски јазик на неговото прочуено дело „Медитерански бревијар“.

М.Г.

# Во чест на претседателот Борис Трајковски

*Сплитските Македонци ја одржуваат традицијата во Ротимља крај Мостар, и на местото каде загина претседателот Борис Трајковски со своите соработници и екипажот и оваа година положија венци со свежо цвеќе*



И оваа година како и минатите досега, во организација на Советот на македонското национално малцинство за Град Сплит и Македонското културно друштво „Македонија“ од Сплит, Македонците од Сплит го посетија местото Ротимља крај Мостар, каде што загина претседателот на Република Македонија, Борис Трајковски, во авионската несреќа чии причини до ден денес не се до крај разјаснети.

Секоја година на денот на трагичната смрт на претседателот Трајковски, се положуваат венци од свежо цвеќе на спомен плочата во Ротимља во името на македонските асоцијации од Сплит и околината. Оваа година во името на Советот на македонското национално малцинство за Град Сплит венец положи претседателката на Советот, Венка Цанко, а во името на Македонското културно друштво „Македонија“, претседателот Ангел Митревски, кој во краткиот говор евоцираше спомени за загинатиот претседател на Р. Македонија и за целокупната ситуација која во тоа време беше во Р. Македонија и во овој дел на Европа.

„За жал, и после девет години не е сé расчистено со истрагата за причините на урнувањето на претседателскиот авион“, рече Митревски. Тој ги повика сите со едноминутно молчење да му се оддаде почит на загинатиот Претседател и на целокупната македонска делегација, вклучувајќи го и екипажот.

Биљана Митревски

# Заврши мандатот на министерот советник Реџеп Салиу





МКД „Охридски бисер“ од Загреб на 25 февруари годинава во просториите на Заедницата организираше свечено испраќање на министер советникот при Амбасадата на РМ во РХ, Реџеп Салиу, по повод завршувањето на неговиот мандат во Загреб. На свеченоста беа присутни амбасадорката Н.Е. Даниела Караѓозоска, советникот при Амбасадата, Петар Чулев, претседателот на Заедницата на Македонците во РХ, Орце Ламбевски, почесниот претседател на Заедницата, Никола Гроздановски, свештеникот на МПЦ во РХ, протојереј Кирко Велински, претседателот на Советот на МНМ за Град Загреб, Томе Апостолоски и уште многу други членови и пријатели на Друштвото.

На протоколарниот дел од свеченоста присутните му се заблагодарија на Реџеп Салиу и на неговата сопруга Афрдита за успешната блиска соработка во изминатите години. Особено срдечно и емотивно му се заблагодари и претседателот на МКД „Охридски бисер“, Благој Штерјов, воедно врачувајќи му заеднички подарок, акварел со мотив од Загреб, за сеќавање на деновите поминати заедно. Реџеп Салиу се заблагодари на подароците и од останатите присутни и рече дека секоја разделба е тешка, но дека таа нема да ги промени добрите односи, туку може само да ги зацврсти со понатамошна соработка. Свеченоста продолжи со дружење и богата трпеза, а по обичај, славеникот имаше чест да ја скрши погачата – Струмички чурек од Нетка Туркаљ, за среќа и благосостојба.

Е. П.

ПО ПОВОД 141 ГОДИНА ОД РАЃАЊЕТО НА ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ






# Семакедонски собир во Прилеп

*Потребна е поинтензивна соработка меѓу македонските друштва во дијаспората, а на Македонците во Грција, Бугарија и Албанија ит е потребна сестрана поддршка за остварување на своите права, наспроти Македонците од Хрватска кои како национално малцинство се дел од Уставот и ги уживаат сите права*

Граѓанската иницијатива за национално, културно и духовно обединување на македонскиот народ „НЕ-ИМА“ – Прилеп, по повод 141 година од раѓањето на македонскиот великан Гоце Делчев во периодот од 2-4 февруари 2012 година во Прилеп, РМ, го одржа деветтиот по ред Семакедонски собир. Секоја година на Соборот се организира и тематска конференција за актуелни и важни прашања за моменталната општествено-политичка ситуација во која се наоѓа македонскиот народ без разлика каде се наоѓа. Оваа година тема на расправата беше „Улогата на политиката, научните институции и самостојните истражувачи во меѓусебното разбирање на народите на Балканот“. На Собирот присуствуваа бројни гости меѓу кои беа и Зоран Петров, заменик министер при МНР на РМ, Тодор Петров, претседател на Светскиот македонски конгрес и Александар Ѓорѓиев од Министерството за култура на РМ, како и претставници на многу здруженија и организации на Македонците од соседните земји и од дијаспората, меѓу кои беше и претседателот на Заедницата на Македонците во РХ, Орце Ламбевски.

На отворањето зборуваа градоначалникот на Прилеп, Марјан Ристески и претседателот на здружението „НЕ-ИМА“, Борис Темоски, а расправата се одржа во градската библиотека „Борка Талески“ каде воведно излагање изнесе д-р Ели Луческа, додека на свечената академија во Домот на културата „Марко Цепенков“ свои излагања презентираа претставниците на здруженијата и организациите на Македонците. Истражувањата пак, на самостојните истражувачи ја докажуваа непознатата историја на македонскиот јазик и народ за подобро запознавање на младите генерации со историјата на Македонија.

По одржаните расправи и презентации, беа донесени заклучоци дека е потребна поинтензивна соработка меѓу македонските друштва во дијаспората, како и тоа дека Македонците што живеат во Грција, Бугарија и Албанија требаат сестрана поддршка за остварување на своите права, наспроти Македонците од Хрватска кои како национално малцинство се дел од Уставот и ги уживаат сите права во Хрватска преку државното финансирање на проектите за промовирање на македонското културно богатство.

– Во Хрватска работат седум училишта на македонски јазик, во Загреб, Сплит, Риека, Осиек, Пула, Винковци и Вуковар, со околу 150 ученици. Оваа година за нив очекуваме поддршка и од Министерството за надворешни работи на РМ, истакна во своето излагање претседателот на Заедницата, Орце Ламбевски.

На Собирот беше одржана и пригодна културно-уметничка програма со настап на играорна група од беломорскиот дел на Македонија.

Е. Петровска



## ИВА РАДЕЉЕВИЌ



*Пријателките Ива и Калиопи*



*Ива со македонското знаме*

# Да одам во Македонија за мене би било остварување на сништата

*Корените од каде потекнуvате се многу важни за да го сакате својот народ, јазик и култура, но не и пресудни. Пример за тоа е Ива Радељевиќ, мила и симпатична млада Хрватка, која не ја поврзуваат корените со големата љубов и симпатиите кон Македонија, но таа безрезервно ги искажува низ зборови и дела. Поразговаравме со неа за да ја запознаете и да почувствувате барем дел од таа нејзина голема љубов.*

**Кажете нешто за себе на читателите на „Македонски глас“ која е Ива Радељевиќ?**

- Јас сум една обична/необична 27-годишна девојка, ќерка, внука, сестра, пријателка, вљубена во животни (трите кучиња, двете мачиња, зајчето и чинчилата се дел од моето семејство). Живеам во Лекеник. Поради мојот инвалидитет (церебрална парализа) туркам низ животот во количка, но тоа не ми пречи да живеам убав и исполнет живот оти сметам дека јас ја имам ЦП и не дозволувам таа да ме има мене. Член сум на здружението на лица со ЦП во Загреб. Освен тоа, една сум од водителите на официјалните Веб страници на Горан Каран, на што сум многу горда. Голем љубител сум на музиката и литературата и сакам концерти и патувања.

**Како би го опишале Вашиот живот со една реченица?**

- Животот е едно не секогаш лесно, но прекрасно патување во кое секој ден имаме прилика да направиме нешто убаво, научиме нешто ново и оставиме траги во срцата на оние што ги сакаме, а моето патување е за сега една интересна приказна за која се трудам да биде убава, не само за мене туку и за сите сопатници на моето животно патување.

**Голем љубител сте на македонската музика, на Македонците, на Македонија... Од каде толкава љубов за сè што е македонско?**

- Мислам дека корените на мојата љубов кон сè што е македонско се наоѓаат во мојата голема почит и љубов кон Тоше Проески и Калиопи. Кога почнав да ја слушам нивната музика на македонски, сакав да разберам за што се работи во песните и така започнаа многу мои пријателства со Македонците, мили пријатели и пријателки

кои имаат многу трпение да одговараат на сите мои прашања, и малку по малку се роди љубовта кон Македонија, Македонците, македонската музика, литература и култура воопшто.

**Често сте присутни на нашите манифестации, на „Илинден", „Македонска вечер"... Какво е чувството кога пријателувате со Македонците?**

- Чинам, во секој Македонец има едно сонце! Прекрасно е да си пријател со мили луѓе полни со радост кои се секогаш расположени за песна, игра и веселба и кои веднаш прават да се чувствуваш како дел од семејството. За мене е тоа чест и многу сум благодарна што сум дел од вас.

**Што Ве поттикна, кога се роди желбата да научите македонски јазик?**

- Од моето детство вљубена сум во јазици и некако од секогаш ми било лесно да ги учам, така да освен хрватски и македонски, зборувам и англиски, шпански и италијански. Македонскиот јазик почнав да го учам од љубов кон музиката, од желба да разберам што пее Тоше. Потоа сакав да го научам она основното и почнав да учам кирилица буква по буква и јазикот збор по збор. Што повеќе учев, сакав уште повеќе да знам! Така дојдов до тука и таа моја желба стана голема љубов кон според мене, најубавиот јазик. Сепак, мислам дека имам уште многу работа за мојот македонски да биде онаков каков што би сакала, совршен и без грешки.

**Дали сте ја посетиле Македонија и ако не, дали планирате тоа да го сторите и што би значело тоа за Вас?**

- За жал, сè уште немам отидено во Македонија, а тоа ми е најголемата желба и се надевам дека многу брзу ќе ми се оствари. Да одам во Македонија за мене би било остварување на сништата оти ќе го доживеам сето она што досега го имам само читано, гледано или слушано. Секако дека едвај



*Во прегратка со големата љубов, Тоше*

чекам да го посетам Крушево и Спомен-куќата на Тоше Проески, но и Скопје, Охрид и уште многу градови и места во Македонија. Најмногу се радувам на средбите со пријателите од Македонија, оти тоа ќе биде навистина нешто волшебно, да ги гушнеш оние што многу ти значат и блиску ти се до срцето, а живеат далеку.

**Можете ли да поделите со нас некоја случка што Ви се случила со Македонците, а ќе ја паметите цел живот?**

- Цел живот ќе паметам кога се запознав со Калиопи оти тоа беше прв пат да се обидам да зборувам со некој Македонец на македонски јазик. И за среќа, се помина добро, а инаку имам многу трема (таа мислеше дека јас сум дете на Македонци и почна да зборува со моите родители на македонски, на нивно големо изненадување, оти ниту моите родители не знаеја дека учам и зборувам македонски). Од тогаш добив голем пријател во Калиопи која ми подари многу љубов и уште поголем поттик во мојата љубов кон Македонија.

**Што е за Вас дефиниција за среќа и задоволство?**

- Најголема среќа е да сакаш некого и некој тебе да те сака, а најголемо задоволство е кога твориш она што го сакаш и многу работиш околу тоа, го даваш најдоброто од себе, а другите луѓе го забележуваат твојот труд и љубов. На еден помалку филозофски ниво, среќа се ситните нешта што ти се случуваат со семејството, средби, дружења и прегратки со мили луѓе, среќа се домашните миленици, убавите песни, книги, концерти, прилика да се научи нешто ново... Среќата е насекаде околу мене и во мене, а овие мали нешта се она што го прават мојот живот да биде едно волшебно патување.

**Кога би можеле, што би промениле во својот живот? Можеби некоја неостварена желба?**

- Не би сакала да менувам ништо оти мислам дека секое искуство во животот служи да нè научи нешто и да нè направи подобри како личност. Неостварени желби, планови и цели секогаш ги има многу, главното е секако, да бидам подобра во секоја смисла, да дадам сè од себе на сите полиња, а потоа што е мое, ќе си дојде.

Елизабета Петровска

# Глобалната криза ги намалува средствата за програмите

## СЕДНИЦА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЗАЕДНИЦАТА

На 23 март 2013 година членовите на Управниот одбор на Заедницата на Македонците во РХ ја одржаа својата трета седница во полн состав. Седницата ја водеше претседателот Орце Ламбевски и по усвоениот дневен ред и записникот од втората седница, се поведе расправа по точките. Сите членови на УО во кратки црти ги претставија своите случувања од информаторите што беа подготвени и предадени од страна на друштвата и Заедницата. Претседателот Ламбевски даде информација за неговото присуствување на Семакедонскиот собир одржан од 2-4 февруари 2012 година во Прилеп по повод 141 година од раѓањето на македонскиот великан Гоце Делчев, а во организација на Граѓанската иницијатива за национално, културно и духовно обединување на македонскиот народ „НЕ-ИМА“, додека Благој Штерјов рече дека од април годинава во просториите на Заедницата ќе почне да се одржува курс по македонски јазик за возрасни во организација на МКД „Охридски бисер“.



Се разгледуваа и Годишниот финансиски извештај на Заедницата за 2012 година како и Планот и програмата на работа со финансиска конструкција за 2013 година. Беше речено дека Одлуката за финансирањето на програмите од Советот за национални малцинства на РХ сè уште не е донесена, но се очекува да биде до месец мај. Ангел Митревски ги информира членовите дека и оваа година се очекува намалување на средствата во однос на минатата, со оглед на сè потешката глобална финансиска криза.

Записникот за спроведената инвентура на имотната состојба на Заедницата за 2012 година беше усвоен од членовите на УО, како и новиот ценовник за хонорирање на објавените текстови во „Македонски глас“. Се именуваа и два нови дописника, Викторија Ѓорѓевска од Риека и Елена Кипровска Кнежиќ од Задар. Ламбевски рече дека е вложен голем труд за подобрување на списанието, дека се добиени и донации за овој број и поради тоа списанието ќе се печати на 36 страници и комплетно во боја.

На крајот, сите присутни добија подарок, по еден примерок од најновите книги во издание на Заедницата, „Македонско-хрватска тангента“ од Сашо Георгиевски, „Сонце“ од Анка Рабузин и „Песни од душа“ од Мирјана Мајиќ.

Е. П.

# МКД „Охридски бисер“ го одбележа Денот на жената



Во организација на МКД „Охридски бисер“ од Загреб, на 8 март 2013 година во просториите на Заедницата беше прославен меѓународниот Ден на жената како сеќавање на борбата за рамноправност на половите. На прославата беа присутни и претседателите на Друштвото и Заедницата, Благој Штерјов и Орце Ламбевски, кои на жените им го честитаа празникот со китки пролетно цвеќе и со желба за добро здравје, среќа и благосостојба во животот.

Вредните членки на Друштвото за оваа пригода подготвија секаков вид на домашни македонски кулинарски специјалитети, се наздравуваше со рујно македонско вино и се пееја македонски народни песни. Дружењето беше пријатно и весело, исполнето со славеничка хармонија во чест на жената, нејзината важност, убавина и доблест.

Е. П.



# Релјефна карта на Македонија за ОУ „Николе Тесле“



Во ОУ „Николе Тесле“ од Загреб веќе осма година се одвива изборна настава по македонски јазик. Од година во година бројот на учениците се зголемува, па така оваа учебна година наставата секој петок и сабота во три групи ја следат дури 25 ученици, меѓу кои има и такви што не ги поврзуваат корените, туку љубовта кон Македонија и македонскиот јазик. Таа љубов ја негуваат заедно со наставничката Деспина Белчовска Велинска.

Заедницата на Македонците во РХ секогаш кога е во прилика се труди да ги изненади учениците со некоја донација. На почетокот на февруари тоа беа неколку учебници по македонски јазик што пристигнаа од Агенцијата за иселеништво на РМ, а кои исто така, беа донирани и на останатите шест училишта по македонски јазик во Хрватска. Релјефната географска карта на Македонија, подарок од најстариот македонски дневен весник „Нова Македонија“, на 1 март во име на Заедницата на Македонците во РХ претседателот Орце Ламбевски и потпретседателот Благој Штерјов ја донираа на ОУ „Николе Тесле“ за потребите на учениците при наставата, заедно со 50 различни книги во издание на Заедницата за училишната библиотека. Донацијата ја презеде директорот на училиштето, проф. Борислав Радман, кој притоа се заблагодари и изрази желба за понатамошна успешна соработка.

Е. П.

# Компјутер на дар за МКД „Охридски бисер“

Сите мораме да си помагаме во овие денешни тешки времиња кога секоја донација ни е неопходна за понатамошна егзистенција и работа. За пофалба беше одлуката на Советот на македонското национално малцинство за Град Загреб да донира еден од своите компјутери на молба од МКД „Охридски бисер“, бидејќи друштвото се служеше со еден стар и веќе дотраен компјутер.



Тоа се случи на 29 јануари годинава кога претседателот на Советот, Томе Апостолоски, му подари на друштвото „CPU AMD Athlon 64“ компјутер.

- Во името на членовите на МКД „Охридски бисер“ и во свое име изразувам голема благодарност за оваа донација од Советот, која многу ќе ни помогне во понатамошната работа, изјави претседателот на Друштвото, Благој Штерјов.

Е. П.

# 36. Средби на загрепските музички аматери

На 2. Концерт на друштвени ансамбли што се одржа во рамките на 36. Средби на загрепските музички аматери во Домот за култура Пречко во Загреб на 17 март 2013 година, настапија осум пејачки групи од КУД „Дика“, КУД „Дубрава“, МКД „Охридски бисер“, КУД „Младост“ од Одра, КУД „Нови Загреб“, КУД „Сесвете“, КУД „Туропољке“ и КУД „Никола Тесла“. Настапите на друштвата на концертот ги следеше Стручна комисија составена од еминентни музички лица кои го оценуваа квалитетот на работата на пејачките хорови преку осум минутната програма со која тие се претставија во нивната категорија.

За МКД „Охридски бисер” од Загреб настапи пејачката група „Моми бисерни” под водство на Сафиудин Алимоски, а во придружба на Саша Стошиќ на пијано. Единаесетте хористки пред бројните посетители ги исполнија трите македонски народни



песни „Сношти поминав заминав“, Девојче, девојче“ и „Борјано, Борјанке”, за што беа наградени со бурно ракоплескање од публиката.

Е. П.

# За пријателството, љубовта и почитта

*Многу семејства од поранешниот кадар на ЈНА дојдоа и ја засакаа ова прекрасна земја, така да ден-денеска се вткаени во македонското милје*



Хрватска и Македонија со векови го развиваат и негуваат пријателството, љубовта и почитта. Сите знаеме за „Бели мугри“ и Самобор, за формирање на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ каде плејада професори од Хрватска несебично учествувале во создавање на Правниот, Економскиот, Земјоделскиот, Медицинскиот и редица други факултети, потоа пл. Ловро Матачиќ даде голем придонес во почетоците на Македонска опера и балет. Многу семејства од поранешниот кадар на ЈНА дојдоа и ја засакаа ова прекрасна земја, така да ден-денеска се вткаени во македонското милје.

Како поранешна претседателка на Заедницата на Хрвати во РМ, одговорно тврдам дека е убаво да се биде Хрват во РМ, но ако зборуваме за остварување на своите права како етничка заедница морам да напомнам дека во РМ не постои правна дефиниција или толкување за поимите „делови на народи“ или „заедница“, што се користат во Уставот на РМ. Оваа недефинираност генерира проблеми и нејасни моменти во јавниот живот и политичкиот систем во Македонија. Пред сè, тука мислам на нееднаквост во уживањето на граѓанските и малцинските права, бидејќи сме **лојални** граѓани на Македонија! Ние сме мала заедница што припаѓа во т.н. „**другите**“, но сакаме да учествуваме во јавниот живот и да го афирмираме нашиот етнички, културен, јазичен и религиозен диверзитет, истовремено чувајќи го сопствениот идентитет.

И покрај тоа што е потпишана билатерална спогодба за заштита на Македонците во РХ и Хрватите во РМ, во Македонија не се тргна во правец на вистинска реализација на истиот. Повторно морам да напомнам дека како поединци сме вистински прифатени и инкорпорирани во сите сфери на животот, меѓутоа нам ни недостасува оној сегмент што нашите драги пријатели Македонци во РХ го имаат, а тоа е поддршка на државите институции низ редица квалитетни проекти со кои многу полесно би останале и би го сочувале она што сме – Хрвати во Македонија.

М-р Сњежана Тројачанец,
поранешна претседателка на
Заедницата на Хрвати во РМ

# Промоција на стихозбирка на група хрватски поети од Штип



*Во Спомен куќата на Мајка Тереза во Скопје на 14 февруари се одржа промоција на стихозбирка на група поети од Заедницата на Хрвати „Либертас“ од Штип*

Негувајќи ја својата богата културна традиција во РМ, Заедницата на Хрвати „Либертас“ од Штип реализираше уште еден проект, стихозбирка на група поети од „Либертас“. Оваа стихозбирка е последното и е сосема нешто ново, кое треба да се доживее како дел од возвишената духовна моќ на членовите на „Либертас“, нешто со кое се вградува уште еден сегмент во мозаикот наречен постоење, работа и сплотеност на Заедницата на Хрвати „Либертас“ – Штип.

Авторите, Долорес Кашуба Петров, Никола Бујуклиев, Сара Петров, Елена Лакс и Момчило Смолиќ, со она што го одвоиле во стихозбирката потврдуваат потенцијал кој укажува на сериозни чекори и можност творечките способности и талент да ги реализираат во индивидуални поетски книги.

Долорес Кашуба,
„Либертас“, Штип

# Груевски: Победи ВМРО-ДПМНЕ, победија делата

*Токму со овие зборови премиерот на РМ, Никола Груевски се обрати пред граѓаните по одржаниот прв круг од гласањето на локалните избори 2013 година*



За локалните избори премиерот смета дека се победа на сите граѓани и на Македонија.

- На овие фер и демократски избори победи Македонија, победи ВМРО-ДПМНЕ, победија делата, рече лидерот на ВМРО-ДПМНЕ и премиер Никола Груевски на прес-конференција во ИШ на партијата, на која објави дека коалицијата „За подобра Македонија“ предводена од ВМРО-ДПМНЕ доби огромна доверба од граѓаните и убедлива победа. Тој додаде дека победата е и над нивните претходни очекувања. Според Груевски изборите се уште еден положен тест на демократска Македонија и уште еден голем плус за европската интеграција.

Повикувајќи се на резултатите од Изборниот штаб, тој соопшти дека во првиот круг ВМРО-ДПМНЕ победува во најмалку 25 општини во Република Македонија, води во други 32, а убедливо водство има и во Град Скопје.

Оваа политичка гарнитура, додаде тој, покажа дека е далеку поквалитетна од онаа на СДСМ и затоа ја доби довербата, која е пред сѐ и голема одговорност, затоа што сега има нови проекти кои мора да ги завршат.

Според Груевски, седми пат по ред, од локалните избори во 2005 година мнозинството граѓани во Македонија даваат поддршка на политиките што ги води ВМРО-ДПМНЕ, што е огромна одговорност, но и обврска.

- Таа одговорност произведува и повеќе енергија, сила и елан за работа. Ние мораме да даваме по секоја ваква доверба на граѓаните поголем влог во нашето работење, порача тој.

# Солистички концерт на младиот македонски пијанист




Вечерта на 5 февруари 2013 година во прочуената концертна сала „Ватрослав Лисински“ во Загреб, еден од најуспешните млади македонски пијанисти, Дино Имери, одржа солистички концертен рецитал со кој го отвори сезонскиот циклус „Пијанофортисимо“. На Имери ова му беше втор настап пред загрепската публика, по одличниот прв „Концерт на дар“ што го изведе на 6 мај минатата година во Музејот на уметности и занаети, во рамките на изложбата „Десет пијана од збирката на Љубомир Гашпаровиќ“.

Од својот широк репертоар, Имери во „Лисински“ настапи со изведба на неколку дела: „Две рапсодии“ од Брамс, Бетовеновата соната „Апасионата“ и исклучително тешката за изведување, Првата соната во д-мол од Рахмањинов, која веќе одамна не се извела на концертните подиуми во Загреб. Воодушевената публика со големи овации Имери го враќаше на бис дури четири пати. Концертот го снимаше и Хрватското национално радио.

Дино Имери е еден од најуспешните македонски пијанисти од помладата генерација. Дипломирал во класата на проф. Борис Романов, а сега е на постдипломски студии во класата на проф. Симон Трпчески. Редовно настапува со Македонската филхармонија, со оркестарот на ФМУ, на најголемите фестивали во Македонија, но одржува концерти и во Италија, Франција, Австрија, Полска и Молдавија. Добитник е на голем број награди и признанија, меѓу кои и неколку први награди на Државниот натпревар по музика во Македонија, втора награда на Интернационалниот пијано натпревар „Моцартијана – М“, на третиот Европски пијано натпревар рангиран меѓу 10-те најдобри млади пијанисти, како и специјално признание од страна на Конзерваториумот „Јозеф Хајдн“ за учество во Европската пијано програма и изведба на дела од Хајдн и Лист.

Е. П.

# Бисер на морето – МКД „Македонија“



На Гастро фестивалот „Бисер на морето“, кој веќе 8 години се одржува во Супетар, на островот Брач, годинава особен впечаток остави настапот на фолклорната група и оркестарот на МКД „Македонија“ од Сплит. Имено, на покана на организаторот на оваа манифестација, а по директна препорака на нашиот брачки Македонец, Благој Кочов, членовите на МКД „Македонија“ ја збогатија годинашнава манифестација „Бисер на морето“ и тоа токму онаа вечер кога се претставуваше македонската кујна.

Македонците како и секогаш до сега, кога е во прашање храната и готвењето, беа хит во Супетар на островот Брач. Од Скопје на Брач донесоа преку 300 кг автохтони македонски прехранбени производи и под будниот поглед на Љупчо Гиевски, шефот на кујната на скопскиот хотел од висока категорија „Александар Палас“, цел ден готвеа преку дваесетина врсти на разни македонски јадења. Така на богатата трпеза се најдоа: тавче гравче, македонско сирење приготвено на безброј начини, разни врсти на баници, селско месо, раженчиња, кифлички, месни ролати со сирење, а за крај и многу врсти на колачи помеѓу кои беа препознаени баклавите, кадаифот и сл.

Како и обично, сето ова јадење исчезна многу брзо, а најзадоволен со ова беше готвачот Љупчо Гиевски, кој со задоволство призна дека се восхитува да види таков апетит кај луѓето и нивните задоволни лица како средбата со македонската традиција.

На сето ова, оваа година како „шлаг на торта“ дојде настапот на нашата фолклорна група во придружба на оркестарот „Македо“, а посебен аплауз заслужи солистката Ксенија Варводиќ Периш која со неколку свои изведби на изворни македонски песни ги разгали сите гости во преполната сала на хотелот „Кактус“ во Супетар.

Биљана Митревски




# Прочка во Сплит

Како и секоја година, припадниците на македонското национално малцинство од град Сплит и околината, собрани околу Македонската Православна Црковна Општина „Св. Наум Охридски“ се собраа во просториите на МПЦО на 17 март за да го одбележат верскиот празник Прочка или Велики поклади. Овој ден кога сите православни христијани помеѓу себе си проштеваат за сè што си имаат згрешено во минатото со зборовите „Прости ми“, а и со одговорот од постариот од кого се бара прост „Простено да ти е од мене и од Бога“.

Земајќи во предвид дека претседателот на МКД „Македонија“, Ангел Митревски е еден од помладите членови собрани на прочка, а почитувајќи ја традицијата од својот роден крај (носење на портокали кај постарите за Прочка), најголема атракција беше кога тој се појави со две вреќи портокали и од еден до друг побара проштевање со истовремено делење на портокалите. Очигледно е дека и претседателот не може да биде безгрешен, па го чека овој ден да се прости со сите на кои им има или нема згрешено.

Со овој чин и сплитските Македонци го најавија својот Велигденски пост кој што трае седум недели и во кој некои од нив ќе ја испробаат силата на својот дух и ќе го издржат постот до Велигден.

Биљана Митревски

# Здрава исхрана во согласност со крвните групи





Македонското културно друштво „Македонија“ во соработка со познатиот нутриционист Денис Берош, кој ги поврзува крвните групи со начинот на здрава исхрана, организираат нов циклус на предавања на тема „Здрава исхрана усогласена со крвните групи“. И овој циклус на предавања се состои од четири независни целини која секоја за себе обработува најнови сознанија од областа на хематологијата посебно со осврт на секоја крвна група.

Во овој циклус ќе бидат изнесени најновите сознанија со осврт на спортски подготовки на спортистите, специфични и автоимуни болести, проблематични вакцини и што е најважно, осврт на здрава исхрана за деца и возрасни поврзана со одредени крвни групи.

Посебен осврт во текот на овие предавања ќе биде ставен на моментално најактуелната проблематика со млекото и афлатоксините во него, пролетните алергии и влијанието на крвните групи на нив. Предавањата се закажани секој четврток од 7 до 28 март, од 18 до 21 часот во големата сала на МКД „Македонија“ која како и повеќе пати досега беше мала за сите заинтересирани граѓани на Сплит. Како и за сите останати манифестации на МКД „Македонија“, влезот за овие предавања е бесплатен.

Биљана Митревски

## Ин мемориам: Доне Богдановски (1923 – 2013)



На ден 26 февруари оваа година нè напушти уште еден заслужен член на МКД „Македонија“ од Сплит. По кратка болест, си замина еден од претседателите на МКД „Македонија“, Доне Богдановски.

Богдановски беше човек кој кога беше најтешкиот период во историјата на ова македонско културно друштво се зафати со неблагодарната задача да ги помири двете македонски опции во Сплит. По смирувањето на тензиите во Друштвото самиот поднесе оставка и го остави раководството со МКД „Македонија“ на помладите од себе.

На неговото последно испраќање пред присутните роднини, пријателите и бројните членови на нашето Друштво, за неговиот животен пат и неговите заслуги за „македонското“ во Сплит, говореше почесниот претседател на МКД „Македонија“ и еден од неговите основачи, Владимир Апостолски. Тој се осврна на животниот пат на Доне Богдановски од деновите кога како партизански борец е дојден во Хрватска, па сè до денот кога во својата деведесетта година го најде својот вечен мир. Нека му е вечна фала и слава.

Б. М.

## Учениците по македонски јазик ја воодушевија публиката



Секоја година на 21 февруари се одбележува Меѓународниот ден на мајчиниот јазик. Со цел да ја одбележи улогата на јазикот на кој детето прво проговорува во развојот на неговата свест и идентитет, УНЕСКО во 1999 година донесе одлука овој ден да биде ден кога ќе се збогати повеќе јазичното и културното наследство поврзано со јазиците на малцинствата.

Во Осиек, овој ден го одбележуваат здруженијата на националните малцинства, и тоа сите заедно, на манифестацијата која со истото име, „Меѓународен ден на мајчиниот јазик“ ја организира Градската и универзитетска библиотека во Осиек. Оваа година, за таа цел ни беа отстапени просториите на здружението „Шокачка грана“, а помеѓу бројните учесници беа и учениците по македонски јазик и членови на нашето друштво: Кристиан, Јонатан, Рута, Михаел, Нивес, Елена, Теодора, потпомогнати од Бригита, Јосипа и Анамариа.

Елена и Нивес беа водителки, а првачињата Миха и Рута настапија со рецитации: Миха со „Дванаесет браќа“ а Рута со „Сè за мама“ и измамија долг аплауз и многу смеа со збунетоста, ама и со знаењето на песничките! Со пет гатанки настапи и Јонатан, а одговорите ги даваше целата група. Потоа сите заедно изведоа две ора и личеа на прекрасни цвеќиња во нашите шарени носии!

## За Македонците се слушна и во Барања

На радио „Банска коса“ во Бели Манастир (Барања), на 2 февруари 2013 година гостуваше Крсте Атанасовски, претседателот на МКД „Браќа Миладиновци“ од Осиек. Тој зборуваше за активностите на Друштвото, неговото постоење и делување, работата на секциите, така што за нас овој пат се слушна и пошироко од Осиек!

## Негување на малцинскиот идентитет и преку ЕУ фондовите



Во рамките на проектот на агенцијата Ноктуа „Малцинствата низ три перспективи: разноликост, дијалог и развој“, во Осиек, на 1 март 2013 година беше одржана тркалезна маса на која, покрај градоначалникот Крешимир Бубало, учествуваа и заменикот на жупанот, Јован Јелиќ и бројни претставници на националните малцинства од градот и пошироко. Меѓу нив, беше поканета и нашата Јагода Тренеска Цветичанин како долгогодишна водителка на МКД „Браќа Миладиновци“.

Во своето излагање таа се осврна на три тешкотии со кои Друштвото се соочува: недостатокот на човечки ресурси, односно помлад и обучен кадар, кој знае да работи на проекти и спроведува активности, недостатокот на финансии во смисла што малите друштва како нашето немаат (со својот ограничен буџет) пристап до Европските фондови, па ќе мора да се размислува повеќе во правец на зајакнување на Заедницата како мрежа која би ја презела таа улога, и секако, типот активности со кои здруженијата се бават. Имено, се чини дека подрачјето на зачувување на традициите и негување на идентитетот на малцинствата не е на приоритетните листи на ЕУ, па ќе мора да се пронајдат начини (со до едукација или слично), како би можеле да се поврземе со други здруженија и да навлеземе повеќе во сегментот на човековите права. Јагода, исто така, истакна дека Друштвото и покрај тоа што можеби нема млади членови, подготвено е да доаѓа на тренинзи за Европски фондови како би не вклучиле во тоа здруженијата и институциите кои нив ги организираат!

По тркалезната маса беа прикажани четири филмови на средношколци од нашиот Округ со кои го прикажуваа од разни аспекти животот на младите претставници на националните малцинства: „Амра – владетелка на знаењата“, „Добриот дух на Ѓаково“, „Две пријателки“ и „Светот на Софија“.

Јулијана Тешија

Фото: Бригита Пландер

# Добиена градежна дозвола за изградба на црква





*Град Загреб издаде градежна дозвола на МПЦО „Св. Злата Мегленска“ и со тоа се заокружија сите услови за почетокот на изградбата на Македонска православна црква и Пасторален центар во Загреб*

Човекот отсекогаш чувствувал потреба во својата душа преку молитва да ја изрази блискоста со Бога, да биде во заедница со Бога. А црквата е таа, нашето духовно светилиште, која не сплотува со Бога исполнувајќи нè со вера, надеж и љубов. Таа е место каде се радуваме, но и наоѓаме утеха, каде се веселиме, но и бараме прошка, каде го славиме животот, но и се сеќаваме на нашите починати... Со големо почитување од неа сме црпеле сила за да можеме да истраеме на нашиот овоземен животен пат, а таа нè чувала и водела достојно да го продолжиме Божјото дело.

Долго очекуваната желба со Божји благослов и на радост на сите македонски православни христијани во Република Хрватска се исполни – Град Загреб издаде градежна дозвола на МПЦО „Св. Злата Мегленска“ и со тоа се заокружија сите услови за почетокот на изградбата на Македонска православна црква и Пасторален центар во Загреб. Од денот на основањето на Црковната Општина во далечната 1992 година под претседателство на д-р Тома Прошев, тлееше желбата за изградба на храмот Божји. Тлееше и тогаш кога во 1995 година од Загрепската Надбискупија и покојниот кардинал д-р Фрањо Кухариќ ја добивме црквата „Св. Рок“ на времено користење, благодарејќи на традиционално добрите односи помеѓу Католичката и Македонската православна црква, но и огромните пријателски и добри односи на Македонците кои живеат овде со Каптол. Со огромна доза на вера и трпение, од 1995 до 2003 година верниците на МПЦО „Св. Злата Мегленска“ секоја недела и празник ја отвораат црквата иако свештеник од Македонија доаѓал само 3 до 4 пати во годината. Желбата станува уште поголема кога на 29 октомври 2003 година е потпишан Договорот од Заеднички интерес помеѓу Владата на Р. Хрватска и Македонската православна црква и од 1 јануари 2004 година доаѓа редовен свештеник за Црковните Општини на територијата на Р. Хрватска со седиште во Загреб, протојереј Кирко Велински.

И конечно, сонот на сите Македонци во Хрватска, нивното копнеење и тежнеење започна да се реализира кога на 19 март 2010 година МПЦО „Св. Злата Мегленска“ за 1.434.000,00 куни од Град Загреб на Јавен конкурс купи 711 м$^2$ градежно земјиште во населбата Кнежија за изградба на Македонска православна црква и Пасторален центар. Потоа е добиена и локациска дозвола, а целата постапка деновиве е завршена со уплатата на комуналните (441.076,43 куни) и водните придонеси (23.267,49 куни), врз основа на кои се доби и градежната дозвола. И тоа без ниту еден кредит, без ниту еден долг! Помош за намирување на комуналните придонеси добивме од градоначалникот на Град Загреб, Милан Бандиќ, кој ни вети и додели 400.000,00 куни, и на кој му изразуваме неизмерна благодарност, исто како и на сите оние што донираа финансиски средства.

Ни останува уште да ја изградиме црквата, нашето прво духовно огниште на овие простори. Камен по камен, со цврста верба и труд, и во заедница со Бога што поскоро во неа да се помолиме на првата Света Литургија.

Е. П.

# Доброто дело човекот го краси



*Лила Ѓуровска е една од оние за кои постои изреката Доброто дело човекот го краси. Таа е Македонка, која веќе четириесетина години живее во Хрватска, во Брцковљани, Дуго Село. Лила сама изработи велигденски украси и ги подари на МПЦО „Св. Злата Мегленска“ со желба да се продаваат, а добиените средства да се уплатат за изградба на црквата*



Во пресрет на Велигденските празници, сите ние чувствуваме голема радост што можеме како чеда на Бога сплотени во братска љубов повторно да го славиме Христосовото воскресение. Тие денови особено сме среќни кога можеме да помогнеме со добро дело, па макар тоа било и нешто симболично, според нашите можности. Важно е дека доаѓа од срце.

Лила Ѓуровска е една од оние за кои постои изреката *Доброто дело човекот го краси*. Таа е Македонка, родум од село Граиште, Демирхисарско, но веќе четириесетина години живее во Хрватска, во Брцковљани, Дуго Село. Лила сама изработи велигденски украси и ги подари на МПЦО „Св. Злата Мегленска“ со желба да се продаваат, а добиените средства да се уплатат за изградба на црквата. Вели дека и причинува радост што на овој начин може и таа да помогне.

Една капка не го прави морето, но и таа како дел од него му помага да се создаде. Богоугодното дело на Лила нека на сите нас ни биде поттик со радосно срце да помогнеме во изградбата на нашата црква.

Е. П.

EKO termopogon
za trgovinu i usluge d.o.o.
1993 - ZAGREB - 2013
Lojenov prilaz 6/11 * 10000 ZAGREB, HRVATSKA * Tel/fax: ++385 1/ 6601 951 * Mob: ++385 91 66 01 951 * e-mail: termopogondoo@net.amis.hr





MONTAŽA KOTLOVSKIH POSTROJENJA i njihove prateće opreme u industriji, puštanje u probni rad, vođenje u eksploataciji na toplo, servisiranje, rekonstrukcija, šamotiranje, održavanje, isporuka rezervnih dijelova i nadzor nad radovima.

Priprema kotlove i ostale posude, koje su pod nadzorom Agencije za opremu pod tlakom Republike Hrvatske, za obavezne redovite unutarnje i vanjske preglede, kao i pripreme za hladnu tlačnu probu za kontrolu od strane Inspekcije gore navedene Agencije.

Milutin Đorđevski

## МАКЕДОНСКА ВЕЧЕР ВО ЗАГРЕБ





# Седум реда оро!

Цела година ја чекавме и на 18 јануари ја дочекавме. Останувајќи доследни на традицијата, членовите на МКД „Охридски бисер“ од Загреб културно-забавната манифестација „Македонска вечер“ ја организираа поубава од било кога. Таа и годинава се одржа во ресторанот „Гастро Глобус“ на загрепскиот Велесаем, под покровителство на Советот за национални малцинства на РХ и Советот на МНМ за Град Загреб.

Како пристигнуваа гостите, така на влезот услужните келнери ги дочекуваа со аперитив – Струмичка мастика, а вокално инструменталната група „Александрија“ од Велес, додатно ја „подгреваше“ атмосферата изведувајќи ги првите акорди на убавите македонски песни. Претседателот на МКД „Охридски бисер“, Благој Штерјов, изразувајќи задоволство од масовноста на гостите, им посака добредојде и добра забава, а поздравна реч дадоа и амбасадорката на РМ во РХ, Даниела Караѓозоска, градоначалникот на Град Загреб, Милан Бандиќ, претседателот на загрепското Градско Собрание, Давор Бернардиќ, претседателот на Заедницата, Орце Ламбевски, претседателот на Советот на МНМ за Град Загреб, Томе Апостолоски и Весна Шкаре Ожболт, пратеничка во Хрватскиот сабор и претседателка на ДЦ. Драмската актерка Костадинка Велковска која ја водеше програмата ги поздрави гостите меѓу кои беа и свештеникот на МПЦ во РХ, протојереј Кирко Велински, Драгутин Лацковиќ, потпретседател на Советот на градската четврт Загреб Исток, Мирјана Мајиќ, претседателка на МКД „Билјана“ од Задар, Јосип Липар, претседател на КУД „Препуштовец“ и други.

По благословот за вечерата што го молеше протојереј Велински, гостите можеа да уживаат во софрата преполна со вкусни специјалитети од македонската национална кујна. Се мезеше со македонска микс зимска салата, апетитот се отвораше со густа телешка чорба, сетилата се разгалуваа со пикантната шарска плескавица и ајдучкиот свински ролат полнет со ајвар, пинцур и колбас, во комбинација со неизбежното запечено гравче тавче и гурманскиот компир во сос од павлака, а сето тоа одлично се спојуваше со одбрано македонско вино кое го имаше во изобилство. И секако, се сладеше со домашни колачи и големата торта која го симболизираше македонското знаме.

За доброто расположение се погрижи и популарниот македонски народен пејач Орце Стефковски, кој со својот богат репертоар успеа да ги задоволи и најпребирливите. Македонците и нивните пријатели едвај дочекаа да се фатат во оро, кое без претерување, во големата Глобусова сала броеше дури седум реда!

Се играше и пееше, и за умор не се знаеше до раните утрински часови. „Македонската вечер“ ги исполни сите очекувања и уште еднаш се покажа како вистински погодок на успешна забава, а МКД „Охридски бисер“ како нејзин достоен организатор. И на крајот, не смееме да заборавиме да им се заблагодариме на спонзорите што помогнаа во одржувањето на вечерта, како и за томболата која ги развесели добитниците.

Е. Петровска



## ЛИЛЈАНА ГРУЈОСКА




*Простор на ХАК на ЗВ*



*Црква „Св. Наум“, Охрид 2012.*



*Излетиште „Два потока“, Лука-Плуска*

# Прилеп веќе не е она што јас го паметам

За успешната работа на Советот на МНМ за Град Загреб заслужна е и нашата сонародничка Лилјана Грујоска која во претседателството членува од 2011 година. Иако живее во Загреб од својата 9-та година, таа со радост се присетува на времето кога била во Македонија.

Лилјана е родена во 1947 година во Прилеп како седмо дете на мајка и Блага и татко и Божидар. Пред неа се родени нејзините три браќа и три сестри, од кои едната починува како бебе, а по неа е роден уште нејзиниот најмлад брат. Татко и Божидар имал свој угостителски локал, а потоа го затворил и се вработил во Тутунскиот комбинат Прилеп. Во тоа време во Прилеп немало факултети и високи школи, а бидејќи требало да се обезбеди понатамошно школување на децата, во 1956 година семејството Грујоски ја продава куќата во Прилеп и заедно со бабата се сели во Загреб, каде Божидар се вработува во Тутунскиот институт во Чулинец, а Блага се грижи за семејството и работи дома како шивачка.

Како семејство од девет члена, животот во Загреб воопшто не им бил лесен и скромно се живеело. По завршеното основно училиште, Лилјана запишува курс за дактилографија и стенографија и се вработува како секретарка, па работејќи завршува средно училиште. Подоцна запишува Правен факултет и дипломира за управен правник. Работела шест години во градежна фирма, а потоа преоѓа во Хрватскиот автоклуб (ХАК) каде работи како секретарка, па како самостоен стручен соработник, па водител на одделение и на крајот како водител на сектор. Минатата година го завршува својот работен век и оди во пензија.

Освен со професионалната работа, Лилјана Грујоска долго години се бави и со волонтирање во две здруженија, а најповеќе како секретарка во Здружението на секретарки на Хрватска. Живее во сопствен стан во Нови Загреб, но отсекогаш обожавала да патува. Таа ги посетила сите бивши југословенски републики и Јадранското крајбрежје со островите, а од незаборавните патувања ги издвојува туристичките посети на Русија, Германија, Англија, Швајцарија, Италија, Унгарија, Австрија и Канада. Ужива и во излети во природа, па го користи скоро секој викенд да прошета заедно со својот долгогодишен пријател некаде во околината на Загреб, а најчесто по зелените ридови на Загорје во кои е посебно вљубена.

Во 2012 година, на Лилјана по долго време и се укажува прилика повторно да ја посети Македонија како водителка на децата од изборната дополнителна настава по македонски јазик од Загреб, што престојуваа на Летното училиште во Охрид во организација на Агенцијата за иселеништво на РМ и Советот на МНМ за Град Загреб.

– Тоа беше прилика да ги видам Охрид, Струга, Битола и мојот роден Прилеп и да се потсетам на детството. Но годините си го сториле своето – Прилеп веќе не е она што јас го паметам. Не постои веќе мојата родна куќа, на гробиштата не го препознав гробот на моите баба и дедо и тажна се вратив во Охрид, се присетува Лилјана на тие мигови.

# Еден обичен живот



На почетокот на 2013 година Лилјана Грујоска ја завршува својата автобиографска книга насловена „Jedan običan život“ (Еден обичен живот), која ја издава Советот на македонското национално малцинство за Град Загреб, а ја уредува проф. Смиљана Јелчиќ Иваношиќ. Во книгата се опфатени четири периоди на Лилјаниниот живот, од раѓањето во Прилеп и нејзините сеќавања, па до животот денес. Тоа е нејзина прва самостојна авторска книга, а се појавува и како една од авторите на монографијата на Хрватскиот автоклуб (ХАК) по повод 100-годишнината од неговото постоење и работа.

„Книгата ја пишував со голем полет како би можела што побрзо она што го паметам и што сум го доживеала, таман тоа да било добро или лошо, да го пренесам на хартија за да спречам да го однесе заборавот. Додека пишував, се потсетував од фотографиите во старите фото-албуми, од разните записи, писмата, разгледниците, дипломите како и благодарниците што сум ги добила, па и од старите пасоши... За тие времиња разговарав со моите браќа и сестри, со роднините и пријателите. Желба ми беше оваа книга да не биде приказна само за мене, туку и за средината во која сум родена, во која сум растела, учела, работела, приказна во која ќе го најдат своето место и моите најблиски, пријатели и соработници, уште од моите први сеќавања, па сè до денес...“, ја опишува идејата и го објаснува авторката самото создавање на книгата.

- Premda je naslov „Jedan običan život“, riječ je o nimalo običnoj nego o iznimnoj knjizi, kao što je izniman i talent autorice. S izuzetnom emotivnom toplinom ona piše o svojim roditeljima, obitelji i dragim osobama, dok u prisjećanju na poslovno okruženje iznosi jasne stavove motivirane prije svega istinom, no bez namjere da ikoga povrijedi. Grujoska je izvrsno uspjela slikovito predočiti doživljaje iz svoje biografije koja je zanimljiva, ali i bliska svima nama koji se sjećamo i davne i nedavne prošlosti, a uz to će jednoga dana ova knjiga biti i vjerno svjedočanstvo vremena u kojem smo proživjeli svoje obične ili neobične, ali u svakom slučaju jedine živote, вели уредничката на книгата, проф. Смиљана Јелчиќ Иваношиќ.

Промоцијата на книгата се одржа на 21 март 2013 година во големата сала на Новинарскиот дом во Загреб, во организација на Советот на МНМ за Град Загреб. Промотор беше проф. Смиљана Јелчиќ Иваношиќ, за книгата зборуваа и претседателот на Советот, Томе Апостолоски и самата авторка, а делови од неа читаше драмската актерка Костадинка Велковска. Салата беше




исполнета со многу љубители на пишаниот збор, меѓу кои беа и заменичката на градоначалникот на Град Загреб, Јелена Павичиќ Вукичевиќ, советникот во Службата за унапредување на човековите права и односи со НМ и верските заедници од Канцеларијата на градоначалникот на Град Загреб, Жељко Заниновиќ, претседателот на Заедницата на Македонците во РХ, Орце Ламбевски, претставници од МКД „Охридски бисер“, членови на Советот, членови на многубројното семејство на авторката и други. Во една топла и емотивна атмосфера се раскажуваше за една нити малку обична животна приказна на Грујоска. Таа на крајот изрази голема благодарност до сите што помогнаа при создавањето на книгата, а потоа гостите продолжија да се дружат на коктелот.

Е. Петровска



# Обичаи и традиција



Јануарските празници во Пула беа одбележани на македонски традиционален начин. Во просториите на МКД „Св. Кирил и Методиј“ на 12 јануари со пригодна програма се одбележаа Божиќ и Нова година. Програмата почна со звуците на гајдата, истарскиот микс во изведба на нашиот член етно-музичарот Драго Драгузет. Потоа се претстави мешовитиот пејачки хор и оркестарот на Друштвото со сплет македонски песни и ора. Милена Златеска рецитираше две песни, а нејзе и се придружија и поети и поетеси од Истарската и Приморско-горанската жупанија. Гостите и домаќините се запознаа и потсетија на македонските обичаи и традиција кога се кршеше погачата, и при тоа беа спомнати сличностите во културата, традицијата и обичаите на двата народа, на Македонците и истраните.

Т. Б.

# Во Медулин се славеше љубовта низ зборови и музика

Во пресрет на „Св. Трифун“ и „Валентиново“ беше организирана поетско-музичка вечер, ноќ на вљубените во Медулин. На 14 февруари настанот го организираа членовите на МКД ИЖ „Св. Кирил и Методиј“ од Пула, Драго Драгузет и здружението „Медулин-арт“ од Медулин. Беше тоа вечер на дружење на писатели, играорци, музичари, пејачи, сликари и други уметници од Истарската и Приморско-горанската жупанија.



Во целовечерната програма на културната манифестација учествуваа и Мендула-Медулин, ЕЦПД-Пула, Маријане-Пула, Цвитак-Водњан, ХКД-Риека и Арте Група-Белград. МКД од Пула се претстави со сплет македонски песни и ора во изведба на Мешовитиот хор и оркестар, а членката на друштвото Милена Златеска рецитираше две свои песни: Убавина и Лек.

Покрај настапите на поетите, беа застапени и ликовни уметници. Беше тоа огромно богатство во вечерната програма, програма исполнета со љубов, убавина и дружељубивост до доцна во ноќта. Навистина, се одржа вистински мал фестивал, средба на поети, поетеси и сликари од Хрватска и Србија. Во таа прекрасна ноќ се славеше љубов низ зборови, игра, музика и песна.

Тодор Брдарски

# „Од душата на жената дарувано“

МКД ИЖ „Св. Кирил и Методиј“, по повод 8. март, меѓународниот Ден на жената, приреди прослава во просториите на Друштвото на 9 март. Одржана е Културна манифестација под името „Од душата на жената дарувано“ поетска-музичка вечер на која учествуваа мешовитиот пејачки хор на Друштвото, со хорски и соло изведби на македонски песни, етно-музичарот Драго Драгузет, поетот Иван Неруда и Милена Златеска.

За реализација на програмата финансиски средства вложија МКД од Пула, Градот Пула и Истарската жупанија, управниот оддел за Италијанската национална заедница и другите етнички групи. Меѓу гостите беа Ерик Лукшиќ, од Одделот за образование, култура и спорт на Истарската жупанија, претседателот на Заедницата на Србите во Пула, претставници на Словенечкото културно друштво од Пула, претставници на Босанската заедница.

Професорката Марија Перушко од Медулин ја претстави својата книга, речникот, „Медулински Беседарник“ кој зборува за посебностите на медулинското наречје во истарскиот јазик, а еден примерок подари на МКД од Пула. За значењето на меѓународниот Ден на жената, за нејзините права, пригодно излагање имаше Маринела Златеска, која воедно ја водеше и целовечерната програма.



Тодор Брдарски

# А на која рака вие го носите венчалниот прстен?!



Честопати знаеме да истакнеме како Македонците и Хрватите се доста сличен народ. Не поврзуваат заедничкото минато, сличните обичаи, сличниот начин на живот, музиката, па и смислата за хумор. Но во целата таа сличност, секако, во традициите на двата народа постојат и разлики за кои не сме размислувале често.

Кога мојот пријател од Хрватска замина во Македонија со неговата вереница Македонка да купи бурми за венчавката која му претстоеше, остана изненаден од фактот дека златарите секогаш пробале да му земат мерка за прстенот на десната рака. Се запрашал зошто е тоа така и сфатил дека малкумина од нив знаат дека Хрватите носат венчален прстен, или „вера“ по далматински, на левата рака, исто како што тој до сега не чул дека Македонците пак, носат венчален прстен или бурма на десната рака.

Македонците за венчален прстен го користат зборот „бурма“ кој доаѓа од турскиот „бурмак“ што значи витка, сука, а пак Далматинците, за разлика од загрепчани и другите делови на Хрватска кои велат венчален прстен, го употребуваат зборот „вера“ кој е преведен од италијанскиот збор „fede“ кој буквално значи вера или венчален прстен.

Во некои европски земји, вереничкиот и венчалниот прстен се едно исто парче накит, кое идните невести го носат на десната рака пред венчавката, а по венчавката го преместуваат на левата. Македонските младоженци пак, им даруваат на своите вереници веренички прстен кој тие го носат на левата рака, а на самата венчавка младоженецот и невестата си ставаат венчален прстен или бурма на десната рака.

Но зошто Хрватите ја носат бурмата на левата рака?

Тие и некои други европски народи веруваат дека до четвртиот прст на левата рака директно од срцето доаѓа вената на љубовта или латински „vena amoris“, и затоа се верува дека носејќи го венчалниот прстен на левата рака, ќе ја одржат љубовта вечна. Секако, има и такви кои веруваат дека тоа не е од тие романтични причини, тука дека едноставно полесно е прстенот да се носи на левата рака, бидејќи е попрактично при извршувањето на физичките активности.

Македонците пак, како и Колумбијците, Германците, Грците, Србите, Украинците, Норвежаните и други народи традиционално ја носат бурмата на десната рака.

Според легендата, обичајот потекнува уште од старите Римјани. Латинскиот збор за лево е „sinister“ што исто така значи нешто чудно, кобно, несреќно, мрачно и злобно.

Латинскиот збор за десно пак е „dexter“ од кој потекнува и англискиот збор „dexterity“ кој значи подготвеност, вештина, остроумност. Според ова верување левата рака примила негативна, а пак десната позитивна конотација. Се смета дека поради истата причина ја креваме десната рака кога се заколнуваме.

Сигурни сме дека во едно нешто Хрватите и Македонците се доста сложни, а тоа е следењето на трендови. Последниве години бурмата стана повеќе од венчален прстен, таа е дел од накитот и младите сметаат дека мора да ги прати трендовите, да биде модерна и софистицирана, дури и да го отсликува стилот на младоженците.

На крајот на денот, не е толку важно на која рака ќе ја ставиме, туку вечно да ја носиме.

Елена Кипровска Кнежиќ

# Интеркултурен дијалог за теоријата на нацијата и идентитетот



*Авторите Златко Крамариќ и Ангелина Бановиќ-Марковска со претседателот и секретарот на ЗМРХ, Орце Ламбевски и Елизабета Петровска*

„Политика, култура, идентитет (интеркултурен дијалог)" е насловот на книгата што се промовираше на 19 март 2013 година во големата сала на Школска книга во Загреб. Автори на ова дело се двајца македонисти и книжевни теоретичари, амбасадорот на РХ во РМ, Златко Крамариќ, професор по теорија на книжевност и Ангелина Бановиќ-Марковска, доктор по филолошки науки и вонреден професор на Факултетот „Блаже Конески" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Книгата е во издание на Школска книга и Одделот за културологија при Универзитетот „J. J. Штросмаер" во Осиек, а печатена е како универзитетски учебник.

Присутните, меѓу кои беше и претседателот на Заедницата на Македонците во РХ, Орце Ламбевски, ги поздравија претседателот на Управата на Школска книга, д-р Анте Жужул, помошникот на министерката за надворешни и европски работи на РХ, м-р Небојша Кохаровиќ и советникот при амбасадата на РМ во РХ, Петар Чулев, кој рече:

– Им честитам на авторите за храброста да пишуваат за магичниот круг кој ги поврзува политиката, културата и идентитетот, да се обидат да дадат издржани одговори, однапред знаејќи за сите предизвици и замки кои демнат отстрана. Во книгата, релациите меѓу Македонија и Грција и проблемите кои произлегуваат од ирационалниот и апсурден спор се компарираат со драмата „Ромео и Јулија" и нивниот несреќен крај. Искрено посакувам, оваа наша модерна приказна да заврши со „хепиенд".

Авторите во книгата разгледуваат прашања и теми од книжевната и културалната теорија, особено за националната култура, прашањето за името, идентитетот и традицијата, како и за европската интеграција.

Е. П.

# Корчуланскиот поет Срѓан Вуховиќ во МКД „Илинден"



На 28 февруари во МКД *Илинден* во Риека се одржа промоција на новата стихозбирка *Izgubljeni koraci* од современиот хрватски поет Срѓан Духовиќ. Присутните ги поздрави претседателот на МКД, Велимир Лозановски, кој ја истакна посебната радост што овој поет еве е одново меѓу нив, по незаборавната промоција на *Живот во сенка* во 2008 година.

Во уводниот збор проф. д-р Горан Калоѓера истакна дека Духовиќ е бележит претставник на поетската генерација автори од Корчула кои носат една посебна поетика, сопствени теми и мотиви. Неговата карактеристична мудра поетика се потврдува и во новата стихозбирка од хаику поезија во изданиена *Современост* од Скопје..

За *Izgubljeni koraci* говореше поетот Валерио Орлиќ, претседател на Хрватското книжевно друштво. Во својот осврт тој посебно ја истакна мисловноста и мудроста во поетолошки пословодното комбинирање на хаику, а со тоа Духовиќ му дава свои бои, мириси и вкусови. Станува збор за автор чија што поетска книга *Живот во сенки* има доживеано посебни изданија на словенечки и на македонски јазик, истакна во својата реч проф. д-р Васил Тоциновски што критиката со интерес ги проследи и високо ги вреднуваше.

В. Ѓ.

# Книжевен портрет на Васил Тоциновски



Во МКД *Илинден* во Риека на 22 февруари се одржа литературна вечер посветена на писателот и професорот Васил Тоциновски. Повод за средба беа двете негови нови книги *Столетни опстојби*, издание на Заедницата на Македонците во Р. Хрватска, Загреб и *Мост од суница* излезена во копродукција меѓу Хрватското книжевно друштво во Риека и Академски печат од Скопје. Присутните кои ја исполнија салата до последното место, ги поздравија Велимир Лозановски, претседател на МКД *Илинден* и Валерио Орлиќ, претседател на Хрватското книжевно друштво.

За книгата *Столетни опстојби* говореше проф. д-р Горан Калогјера, почесен конзул на Р. Македонија во Риека. Тоа се студии кои временски ги опфаќаат втората половина на 19. и првата половина на 20. век. Неа ја составуваат две тематски целини. Првата ги проследува хрватско-македонските книжевни и пошироко културни врски во кои авторот аргументирано покажува оти хрватскиот Илиризам имал пресудно и значајно влијание врз македонското просветителство. Со право Константин Миладинов се толкува и вреднува како основоположник на книжевните, културните и научните врски меѓу двата народа. Животните патишта на Андреја Д. Петкович и на Георги Капчев се посебно поврзани за Риека и за Загреб и во нив се нудат многу архивски истражувања чии резултати фрлаат нова светлина на нивните животни и творечки врвици. Во вториот дел извонредно интересни се студиите за двodomните и речиси непознати автори, какви што се Петар Стојков, Стојан Божов и посебно монографскиот труд за Серафим Григоров. И секако текстот *Најголемата љубов Македонија – Илинден*, истакна Калогјера, кој претставува највисоко етичко и естетско рамниште во македонската национална историја и многувековна борба за изборување на сопствените национални и социјални права и слободи.

За книгата *Мост од суница* Васил Тоциновски е добитник на наградата *Златно перо* на Хрватското книжевно друштво за најдобра есеистичка книга за 2012 година.

Прекрасната книжевна вечер посветена на животот и делото на проф. Васил Тоциновски беше збогатена со документарниот филм-портрет *Дводомност* и со настапот на пејачката група и оркестарот на МКД *Илинден* кои исполнија неколку убави македонски народни песни-бисери.

Викторија Ѓорѓевска

# Прослава за „Св. Трифун“

Во чест на православниот празник на лозарите и градинарите „Св. Трифун“ кој се празнува на 14 февруари кога се празнува и Денот на вљубените „Св. Валентин“, Хрватско-македонското друштво на пријателство во ресторанот „Македонска механа“ во Загреб, на 17 февруари 2013 година одржа претставување на обичаите за празникот кој го симболизира виното. Настанот го поддржаа Министерството за надворешни и европски работи на РХ и Градската канцеларија за култура, образование и спорт на Град Загреб, а за обичаите говореше претседателката на Друштвото, Јудита Реј Худечек, пред гостите, меѓу кои беа Н.Е. Даниела Караѓозоска, амбасадорка на РМ во РХ, Орце Ламбевски, претседател на Заедницата на Македонците во РХ, Томе Апостолоски, претседател на Советот на МНМ за Град Загреб и многу други.



Прославата продолжи со неколку македонски песни во изведба на женската вокална група „Езерки“ и оркестарот „7/8“, со македонско оро, со прекрасните домашни кулинарски специјалитети и се разбира, со чаша македонско квалитетно вино.

Е. П.








# Отворен првиот македонски ресторан во Загреб

На 10 февруари 2013 година, Македонците од Загреб добија уште едно свое „македонско катче" каде ќе можат да се собираат и дружат. На тој датум беше отворен првиот македонски ресторан во Загреб. Лоциран во западниот дел од градот на најфреквентната улица Илица, „Македонска механа" е место што го нуди раскошниот македонски дух на угостителството.

Свеченото отворање го исполни ресторанот со многу Македонци и нивни пријатели, како и угледни гости од општествениот и политичкиот живот на Загреб. Меѓу присуните беа шефот на Кабинетот на градоначалникот на Град Загреб, Стипе Зеба, министер советникот при Амбасадата на РМ во РХ, Реџеп Салиу, познатиот хрватски кулинар и гастроном, Рене Бакаловиќ, свештеникот на МПЦ во РХ, протојереј Кирко Велински, претседателот на Заедницата на Македонците во РХ, Орце Ламбевски, претседателот на Советот на МНМ за Град Загреб, Томе Апостолоски, претсадателот на МКД „Охридски бисер", Благој Штерјов, претседателката на Македонско-хрватското здружение за промовирање на културните вредности и врски „Спектрум" од Загреб, Славица Коретиќ, претседателката на Хрватско-македонското друштво на пријателство, Јудита Реј Худечек и други. Лентата ја пресекоа шефот на Кабинетот на градоначалникот на Град Загреб, Стипе Зеба и сопственикот на ресторанот, Благоја Јовановски, а ресторанот го благослови протојереј Велински.

Тетовчанецот Благоја Јовановски е бизнисмен кој се бави со угостителство и веќе долго години со семејството живее во Пореч каде е сопственик на четири реномирани ресторани. Тој во Загреб прв го донесе и петдимензионалното кино што се наоѓа во трговскиот центар „City Center One". За „Македонска механа" вели:

– Желба ми беше да отворам македонски ресторан каде, како и самото име на ресторанот кажува, гостите во опуштена и топла атмосфера ќе можат да уживаат во нашите врвни македонски гастрономски специјалитети, во најдобрите македонски вина и во звуците на македонската изворна музика. Ресторанот моментално располага со 60 места во затворен простор, но на лето ќе се отвори и терасата која брои 150 места. Многу труд е вложен во работата на овој ресторан и сето ова нема да можев да го остварам да немав голема поддршка од моето семејство, особено од сопругата Менка.

Како е и обичај, гостите ги дочекаа девојки облечени во македонски народни носии со слатко од смокви, а за доброто расположение се погрижи групата „Парадизо" и Костадинка Велковска која отпеја неколку македонски народни песни. Масите беа преполни со разновидни погачи, пити, макала, мезиња и салати, тави и грнинња со најдоброто од македонската кујна, прилагодено за сечиј вкус. Преку спојот на храната и музиката, дрвото и каменот, старото огниште и традиционалните македонски предмети, задоволните гости имаа прилика да ја почувствуваат сета убавина и топлина што ја дава „Македонска механа".

Е. Петровска

# „МАКЕДОНСКА МЕХАНА“

Илица 298 (Кустошија покрај НАМА), Загреб
Тел: +385 91 20 03 030
Сопственик: Благоја Јовановски










Во специфично уредениот амбиент можете да вкусите специјалитети на македонската традиционална кујна, како и квалитетни македонски вина и сето тоа збогатено со звуци на македонска музика
Можност за организирање прослави за семејна веселба или пак за средба со бизнис партнери
Повелете и уживајте во убавите моменти!





# Мирјана Мајиќ повторно претседател на МКД „Билјана“

МКД „Биљана“ на 13 март 2013 година, одржа редовно Изборно собрание во просториите на Друштвото. По интонирањето на химните, членовите му одадоа почит со едноминутно молчење на починатиот член, секретарот Михаило Кузевски. Со усвојување на дневниот ред, работното претседателство во состав: Бошко Кнежиќ, Јелена Петровиќ и Надица Жампера, која воедно го водеше Собранието, ги предложи Драган Јакимовски и Јован Николовски за заверувачи и Марица Марчина Жампера за записничар.



*Новоизбраното раководство на МКД „Билјана“*

Откако претседателката Мирјана Мајиќ го изнесе Извештајот за работата на Друштвото и Финансискиот извештај, истите беа едногласно прифатени. Во име на Надзорниот одбор, Јелена Петровиќ го прочита Извештајот за извршената финансиска контрола за минатата 2012 година. Извештајот е едногласно прифатен. Под точка 7. беше разрешен целиот Управен одбор, Надзорен одбор и Судот на честа, а под точка 8. се избираше ново раководство.

За претседател на Друштвото повторно беше избрана досега докажаната претседателка Мирјана Мајиќ, за потпретседателка Надица Жампера, за секретар Елена Кипровска Кнежиќ, за благајник Марица Марчина Жампера и за член координатор на Управниот одбор Драган Јакимовски. За членови на Надзорен одбор се избрани Ирена Андријевиќ, Бошко Кнежиќ и Јелена Петровиќ, а за членови на Судот на честа Јован Николовски, Наста Пеќанац и Даница Вербич. Сите новоизбрани членови едногласно се прифатени од страна на Друштвото. Овластени лица за застапување на Друштвото и понатаму остануваат Мирјана Мајиќ и Надица Жампера. На крајот, претседателката Мајиќ ја прочита програмата за 2013 година, и истата беше едногласно усвоена.

Елена Кипровска Кнежиќ

# Етно работилница „Ѓерѓев“ со новиот раководител Драган Јакимовски

Етно работилницата „Ѓерѓев“ започна да работи со нова техника на предлог на раководителот Драган Јакимовски. Членовите започнаа да цртаат на стакло, керамика и порцелан, а во овие неколку недели активноста даде добри резултати. На 06.03.2013 година во просториите на Друштвото гостуваше задарската телевизија „VOX TV“ за да сними како тече работата во етно работилницата. Самиот раководител на работилницата за телевизијата изјави дека во договор со Управниот одбор на Друштвото се започнало со оваа техника, по што беа снимени досега изработените експонати.



Како што е обичај во друштвото членовите со раководителите да се договараат околу сѐ, па така и овој пат, Драган Јакимовски се договори со нив да се прошири активноста и на плетење, везење или шиење, зависно од афинитетите на учесниците.

Членовите на МКД „Билјана“ се надеваат дека по изјавата на раководителот во програмата „Денови на македонска култура“ ќе успеат да направат самостојна изложба од сите досега сработени предмети, а тоа навистина би било исполнување на една голема желба.

Воедно на овој ден, претседателката Мирјана Мајиќ на „VOX TV“ даде изјава за Координацијата на советите и жупанските претставници која се одржа на 23.02.2013 година каде беше избрана за потпретседателка на истата.

Е. К. К.

# Ин мемориам: Михаило Кузевски (1944-2013)



На 13.02.2013 година на наша голема жалост, во неговата 69 година, не напушти нашиот драг пријател и ценет колега, секретарот на МКД „Билјана“ Задар – Михаило Кузевски, сопруг, татко и дедо. Кузевски беше дел од МКД „Билјана“ и воедно ја исполнуваше функцијата на потпретседател во еден мандат, подоцна и секретар на Друштвото, а беше член и на Надзорниот одбор на Заедницата на Македонците во Република Хрватска.

МКД „Билјана“ од Задар изразува големо сочувство на семејството на Михаило Кузевски. Пријателите ќе го паметат по секогаш ведриот дух и професионалниот пристап во исполнувањето на обврските.

## Замина наш пријател и колега



На 14.02.2013 година членовите на МКД „Билјана“ од Задар во просториите на Друштвото одржаа комеморација во чест на покојниот Михаило Кузевски – секретар на Друштвото. Драган Јакимовски кажа неколку реченици за неговото животно дело и работата во Друштвото, а останатите членови раскажаа како го доживуваа како пријател и колега. Пријателите од МКД „Билјана“, се уште во шок, бидејќи прераното заминување на овој прекрасен и секогаш весел човек ги изненади, му оддадоа почит со едноминутно молчење.

Погребот се одржа на 15. 02.2013 година на гробиштата во Кожино. Членовите од Друштвото и претставниците од останатите малцинства, како и претставници од други градски институции дојдоа да му дадат последен поздрав.

На погребот, во име на Друштвото се прости претседателката Мирјана Мајиќ, а особено трогателни беа нејзините последни зборови: „Да имам сила, сега би ти ја запеала Битола, мој роден крај“. Во тој момент се огласи труба која спонтано ја отсвири истата песна на што останаа изненадени пријателите од Друштвото, како и семејството на Кузевски.

За последен поздрав му подаривме жолто-црвени цветови како симбол на знамето на неговата татковина, која толку многу ја сакаше. Семејството изрази голема благодарност до Друштвото што на достоен начин се прости од својот долгогодишен член.

Нека му е вечна слава и благодариме за сè!

Е. К. К.

# АКЦЕНТ (продолжение)

## АКЦЕНТОТ НА СЛОЖЕНИТЕ ЗБОРОВИ (СЛОЖЕНКИ)

Акцентот кај сложените зборови, главно, се подведува под истото правило за акцентирање кое се однесува на простите зборови. Меѓутоа кај овој вид зборови се јавуваат некои особености во поглед на нивното акцентирање, условени од повеќе фактори (видот на сложенката, степенот на сраснатоста на составните делови, честотата на употребата на сложенката и др.).

Според местото на акцентот во сложенката може да се изделат следните видови:

- Сложенки со акцент на третиот слог, на пр.: *бого**бо**јазлив, коло**воз**ник, кредитоспо**со**бен, леко**ми**слен, сончоглед.*

Со акцент на третиот слог се и сложените бројни именки што завршуваат на **-мина**, на пр.: *десе**т**мина, десетт**е**мина, с**то**мина, стот**е**мина, петми**на**, петт**е**мина итн.*

На третиот слог од крајот се акцентираат и сложенките-прилози, на пр.: ***на**сила, прет**пладне**, еднопо**д**руго, дв**о**кратно, три**п**ати* итн.

Трисложно се акцентираат и сложените состави од заменски зборови: *кој-годе, ко**ја**-годе, ко**е**-годе; как**ов**-годе, какв**о**-годе; шт**о**-годе* и сл.

Броевите со значење на приближна вредност кои претставуваат еден вид сложенка, главно, се со акцент на третиот, слог, на пр.: *пет-шестн**а**есет* (изг. печешнаесе), *три-ч**е**тири, три-четири**е**сет.*

Сложенките во чиј состав влегуваат заповедни форми, најчесто се акцентираат на третиот слог од крајот: *тур**и**печи, лапн**и**голтни, молч**и**толчи* итн.



- Сложенки или сложени именки со акцент на вториот составен дел и покрај тоа што е тој двосложен. Примери: *југоз**а**пад, северез**а**пад, југо**и**сток, северо**и**сток* и др.

- Сложенки со акцент на секој составен дел, на пр.: ***а**нглиско-мак**е**донски, фр**а**нцуско-г**е**рмански* итн.

Марија Георгиева-Петриќ
судски преведувач за македонски јазик
(Според *Македонски јазик,* Просветно дело АД, Скопје, 2001)

---

# Македонски јазик на радио во Хрватска




*Студио во Сплит*

**Сплит** – Емисијата „Македонски минути" повторно се емитува на радио: Јадрански радио на 104.1 мегахерц, секој вторник од 17,30 до 18 ч. или на www.jadranskiradio.com со опција livestreaming. Водител Ангел Митревски. Минатата година „Македонски минути" се слушаа на Радио КЛ Евродром, во вторник од 9,30 до 10 ч.

**Задар** – Радио 057, недела од 16,30 до 17 ч. емисија „Македонска ура", фреквенција 91 мегахерц или на www.057info.hr. Водители Мирјана Мајиќ и Елвис Папиќ.



*Студио во Задар*

20 godina sa Vama
AMPER SERVIS
Cvjetna 6, 10370 Dugo Selo Ispostava: Čulinečka 52, 10000 Zagreb
Instalacije inteligentnih sustava-pametne kuće
Automatizacija, upravljanje i nadzor instalacija u građevinama
Izrada tehničkih rješenja instalacija
*Elektroinstalacije jake i slabe struje *Centralno i podno grijanje *Ventilacija i klimatizacija *Vodovod i odvodnja *Gips kartonski radovi *Elektrostatički podovi *Automatska zaljevanja *Centralno usisavanje *PVC stolarija, inox i crna bravarija
Tel.: 01/2913-194, tel/fax. 01/2913-188, mob.: 0912230 077, 091 4771 777
E-mail:amper-servis@zg.t-com.hr
Direktor : Jonče Ilievski

## Кочани оркестар

На 08.02.2013 година еден од најпознатите задарски клубови „Q BAR“ беше домаќин на македонската трубачка атракција Кочани оркестар. Бендот и овозможи на задарската публика неколкучасовна урнебесна забава и уште еднаш докажа зошто се најдобри во она што го прават. Амбасадорите на ромската музика веќе неколку години континуирано настапуваат во сите поголеми градови на Хрватска како и во Словенија, Франција, Италија и други земји.

Момците се препознатливи по неверојатната атмосфера која успеваат да ја направат каде и да се појават.

Е. К. К.




## ЦЕНОВНИК ЗА ОБЈАВЕНИ РЕКЛАМИ ВО “МАКЕДОНСКИ ГЛАС”

Страниците на нашето списание “Македонски глас” отворени се и за Вашите реклами. Доколку сакате Вие и Вашата фирма да се рекламирате на нашите страници, доволно е само да се јавите на телефонот на Заедницата на Македонците во Р. Хрватска или испратите понуда на нејзината адреса, а ние од Уредништвото веднаш ќе ги исполниме Вашите желби. Ценовникот за користењето на рекламниот простор е:

| ФОРМАТ | ЦРНО-БЕЛО | КОЛОР |
|---|---|---|
| 1/1 A4 | 600 куни | 900 куни |
| 1/2 A4 | 450 куни | 600 куни |
| 1/3 A4 | 300 куни | 450 куни |
| 1/4 A4 | 225 куни | 300 куни |
| 1/8 A4 | 150 куни | 225 куни |

Во очекување на нашите взаемни контакти,
Ваш “Македонски глас”

## ПРЕТПЛАТА НА “МАКЕДОНСКИ ГЛАС“

Драги наши читатели,

Доколку Вие, кои редовно го читате нашето списание, сакате да станете негов претплатник и тоа редовно да пристига на Вашата адреса, Ви нудиме можност да го сторите тоа. Доволно е со писмо да се обратите на адресата на Заедницата на Македонците во Р. Хрватска, Масарикова 16/1, 10000 Загреб, во кое ќе ја приложите потврдата за Вашата платена претплата (жиро сметката на Заедницата е: 2340009-1100038804, матичниот број: 3805760, и личниот идентификациски број (OIB): 07739533563) и читко да го напишете Вашето име и адресата на која сакате да Ви пристига секој нов број на Македонски глас.

Претплатата на Македонски глас за Хрватска, со платена поштарина (за 6 броја), изнесува 60 куни годишно, додека пак за странство, 120 куни годишно или 17 евра.

Со надеж дека наскоро ќе ни се јавите,
искрени поздрави од
Уредништвото

# Дијалектот е едно големо богатство

*Јован Николовски е долгогодишен член на МКД „Билјана“ од Задар. Вели дека секогаш му е мило кога ќе дојде во Друштвото, бидејќи тука се зборува македонски јазик, а на тој начин си се присетува на својот роден крај. Знае Јован и да зборува кумановски дијалект и тоа сите не развеселува затоа што никој не би смеел да заборави од каде потекнува и да го заборави јазикот кој го зборувал во детството со својата фамилија*

Јован Николовски е роден во Куманово пред 76 години. Редовен е член уште од основањето на Друштвото, татко на две возрасни деца, дедо на пет внуци, оженет со Вукосава Николовска и долги години во брак со неа.

Вели дека секогаш му е мило кога ќе дојде во Друштвото, бидејќи тука се зборува македонски јазик, а на тој начин си се присетува на својот роден крај. Знае Јован и да зборува кумановски дијалект и тоа сите не развеселува затоа што никој не би смеел да заборави од каде потекнува и да го заборави јазикот кој го зборувал во детството со својата фамилија, бидејќи дијалектот е едно големо богатство и дел од идентитетот на секој човек.



Јован има афинитети кон пеењето на народните македонски песни и секогаш е прв да ја поведе македонската песна на нашите средби.

Синот на Јован бил учесник во Татковинската војна и е деклариран Македонец. Сопругата Вукосава е исто така членка од основањето на Друштвото и често пати на нашите самоиницијативни средби знае да донесе по некој од своите специјалитети со кој се почестуваме сите во Друштвото.

Во организацијата на нашите манифестации, особено кога организираме изложби, Јован самиот доаѓа и помага при поставувањето на истите.

Вели дека Македонија му недостасува многу, и би одел почесто со сопругата кога финансиските можности би му го дозволувале тоа. Горд е на своите деца, а особено на своите внуци затоа што го почитуваат како татко и дедо.

Често знае да каже дека Хрватска му е татковина, исто како и Македонија, и во едната и во другата земја се чувствува подеднакво добро. Ќе ве изненади со своето добро памтење и начинот на кој ги раскажува старите обичаи, особено оние од неговиот кумановски крај, нашите македонски верски празници.

Елена Кипровска Кнежиќ

AbecedaZaštite

**Abeceda Zaštite d.o.o.**
Jaruščica 7a, 10020 Zagreb

**Telefon:** 01/3693-213
**Telefaks:** 01/3693-214
**Mob:** 091/23 39 777
**e-mail:** zastita@zastita.eu
**web:** www.zastita.eu

**ZAŠTITA NA RADU * ZAŠTITA OD POŽARA * ZAŠTITA OKOLIŠA**

▪ *zaštita na radu* ▪ *zaštita od požara* ▪ *zaštita okoliša* ▪ *energetska učinkovitost* ▪ *projektiranje* ▪ *nadzor* ▪





# ОЈ, ВАРДАРЕ МАКЕДОНСКИ!











Во северозападниот дел на Македонија, на неколку километри југозападно од Гостивар кај малото село Вруток во подножјето на Шар Планина, на надморска височина од 683 м од карстен извор извира најголемата македонска река Вардар. Македонија ја напушта кај Гевгелија, а потоа тече низ соседна Грција и западно од Солун се влева во Егејско море. Вкупната должина на реката изнесува 388 км, од кои на Македонија и припаѓа 301 км. Од изворот нејзиното корито се шири, па се стеснува, тече мирно, па подивува... По должината на нејзиното течение проаѓа низ пет котлини и четири клисури и има 37 поголеми притоки (16 од десната и 21 од левата страна) од кои најзначајни се Пена, Лепенец, Пчиња, Брегалница, Треска, Маркова Река, Тополка, Бабуна и Црна Река.

Освен по својата природна убавина, Вардар е многу важен за Македонија од економско-стопански, сообраќаен и воено-стратешки аспект. Денес реката не е пловна, иако во минатото по неа се одвивала трговија и со сплавови и чунови (гемии), најчесто од Велес до Солун. Водената моќност на Вардар е искористена само во делот по изворот, каде има хидроцентрала за производство на струја. Реката е богата со риба (пастрмка, клен, црна и бела мрена, белвица, крап, црвеноперка, сом и др.), па е затоа развиен спортско рекреативен риболов, а позната е и по убавите мостови како што се Камениот мост во Скопје, Железниот мост во Велес и многуте атрактивни висечки мостови.

Потеклото на името Вардар не е точно утврдено. Познато е дека во античко време реката го носела името Аксиос. Денешното име Вардар според некои преданија доаѓа од името на византискиот управник на Скопје од 10. век, Варда Склир кој го регулирал течението на реката Аксиос и со тоа го спасил градот од поплави, па народот во знак на благодарност реката ја преименувал во Вардар.

Кога ќе посакате мир, одмор за очи и душа, прошетајте по бреговите на Вардар и запејте ја македонската народна песна: *Ој, Вардаре македонски, ти ја красиш Македонија...*

Е. Петровска

# Вкусови и мириси на Македонија во ресторанот „Оро“





На оддалеченост од само десетина километри источно од Загреб, во природната убавина на малото место Сесветски Краљевец, сместен е македонскиот ресторан „Оро“. Освен со својот комфор, македонски стил и ентериер, врвна услуга и високо ниво на квалитет, „Оро“ ќе ве привлече и со прекрасниот македонски мелос и вкусовите и мирисите на прочуената македонска традиционална кујна.

За првите гости, ресторанот ги отвори своите врати на 3 март 2013 година. Во трите раскошно уредени простории со капацитет од вкупно 220 места, меѓу поканетите се најдоа амбасадорката на РМ во РХ, Даниела Караѓозоска, градоначалникот на Град Загреб, Милан Бандиќ, свештеникот на МПЦ во РХ, протојереј Кирко Велински, советникот во Службата за унапредување на човековите права и односи со НМ и верските заедници од Канцеларијата на градоначалникот на Град Загреб, Жељко Заниновиќ, претседателот на Заедницата на Македонците во РХ, Орце Ламбевски, претседателот на Советот на МНМ за Град Загреб, Томе Апостолоски, претседателот на МКД „Охридски бисер“, Благој Штерјов, претседателката на Македонско-хрватското здружение за промовирање на културните вредности и врски „Спектрум“ од Загреб, Славица Коретиќ, претставникот за Езимит вино во Хрватска, Жељко Мишиќ, драмската актерка Костадинка Велковска и многу други. Ресторанот го благослови Дон Јосип Кајиќ, а потоа Караѓозоска и Бандиќ ресторанот официјално го отворија со сечење на лентата. Гостите ги забавуваа познатиот пејач Макс Хозиќ, музичарот Тони Етеровиќ и „Салути“ бенд.

Сопственици на ресторанот се брачниот пар Роберт и Јелка Шушковиќ, вљубеници во Македонија. „Во Македонија прв пат бев година дена по земјотресот. Подоцна, со посетите на оваа прекрасна земја ги запознав и срдечноста, гостопримството и скромноста на македонскиот народ, што никогаш нема да ги заборавам. Сега „Оро“, за чие име ми беше инспирација Тешкото македонско оро, на некој начин ме враќа во минатото...“, вели Роберт.

Од Мастиката и Жолтата ракија, па сè до полната „шведска“ маса со секакви македонски слатки и солени специјалитети, шефот на салата, Киро Ристовски, со будно око внимаваше ништо да не недостасува. Се ширеа вкусовите и мирисите на Македонија послужени од гостопримливиот персонал на ресторанот зачинети со топлината на каминот и чалгијата. А срцето не дозволуваше да не се заигра и македонско оро, за да се оправда името на ресторанот.

Велат дека подобро се мисли со полн стомак, а и љубовта оди полесно. Што и да правите, правете го сити. Ако сте за нешто македонско, едноставна убавина и одлична храна, „Оро“ ќе ви биде место за одмор и уживање, место во кое секогаш ќе посакате да се вратите.

Е. Петровска



# RESTORAN Oro

Gastronomski okusi i mirisi Makedonije od sada i u Zagrebu





U rustikalnom ambijentu restorana ORO kušajte jela nacionalne makedonske kuhinje, petkom i subotom i uz tradicionalnu makedonsku glazbu.

Jela s bogate trpeze makedonskih tradicionalnih jela za Vas priprema chef Kire Ristovski.

www.restoran-oro.com













Organiziramo proslave rođendana i svih ostalih prigodnih svečanosti.







Vjenčanja Licitar - 20 godina iskustva u organiziranju svadbenih svečanosti !

U ponudi imamo pet svadbenih menua, od toga jedan menu makedonske tradicionalne kuhinje.

Proslave vjenčanja organiziramo u tri sale različitih veličina do najviše 220 gostiju.
Restoran raspolaže parkiralištem do 80 vozila.

Dan Vašeg vjenčanja naš vješti tim pretvara u dan iz snova!

www.vjencanja-licitar.com



vjenčanja i ostale prigode

VJENČANJA LICITAR
by restoran ORO

**RESTORAN ORO**

Kobiljačka cesta 134, 10361 Sesvetski Kraljevec, Zagreb
Tel./fax: 01 5801 482
info@restoran-oro.com · info@vjencanja-licitar.com

# ezimit vino

*made with love!*




## ezimit vino

Adresa: *Tošo Arsov 36, 2 000 Štip, R. Macedonia*
tel./fax: *+389 (0)32 392 809; +389 (0)32 387 809*
e-mail: *filip@ezimitvino.com.mk*
Predstavništvo u Hrvatskoj: *Ezimit d.o.o., Brezovička cesta 38, 10 000 Zagreb*
Tel: *+385 1 65 39 587; Fax: +385 1 65 4 5398; Mob +395 98 92 17 909*
e-mail: *zeljko.misic@ezimitgroup.com*
*www.ezimitvino.com.mk*

*Naša vina možete naći u slijedećim trgovačkim centrima:*
*Konzum, Plodine, Tommy, Interspar, Metro, Dinova-Diona,*
*Mercator, Vrutak i Brodokomerc Rijeka.*